**Влада на Република Северна Македонија**

\- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

**Архивски број:** 04-2429/14

______________ **година, Скопје**

29-06-2026

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 340/2026 со наш бр.04-2429/13 од 24.06.2026 година, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Службата) донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. По Јавниот оглас број 340/2026 за вработување на административен службеник во Службата за работното место **УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за канцелариско и архивско работење во Одделение за архивско и канцелариско работење, Сектор за нормативно-правни и архивски работи**, СЕ ИЗБИРА кандидатот:

- **СЛАВКА МИСАЈЛОВСКА, со идентификациски код 2В68ЕСС.**

2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе решение за вработување, распоредување и утврдување на висина на плата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Во врска со Јавниот оглас број 340/2026 за вработување на административен службеник во Службата, објавен на ден 23.05.2026 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", директорот на Агенцијата за администрација со Решение заверено со наш бр.04-2429/9 од 10.06.2026 година формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас. По завршување на трите фази од постапката за селекција, Комисија за селекција за вработување подготви: Записник од извршена административна селекција за административен службеник заверен со наш бр.04-2429/10 од 10.06.2026 година, Записник од спроведениот испит за административен службеник заверен со наш бр.04-2429/11 од 22.06.2026 година и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник заверен со наш бр.04-2429/12 од 23.06.2026 година.

Притоа, врз основа на спроведените сите три фази од постапката за селекција, Агенцијата за администрација до Службата достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 340/2026 заверен со наш бр.04-2429/13 од 24.06.2026 година со прилог Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог кандидати за вработување со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по Јавен оглас број 340/2026 за работното место УПР0101В04000 Помлад соработник за канцелариско и архивско работење, Одделение за архивско и канцелариско работење, Сектор за нормативно-правни и архивски работи.

Врз основа на горенаведеното, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.**

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Влада на Република Северна Македонија**
**ДИРЕКТОР**
**м-р Ивица Томовски**

Подготвил: Александра Антевска
Контролирал: Љупчо Димитровски
Одобрил: Даниела Гугушевска

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Персонално досие;
- Агенција за администрација;
- Архива;